Наративен извештај за август 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец август 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта имаше интензивна агенда на активности, а сѐ со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година.

Активностите на Директорот Зоран Китанов, за овој месец започнаа со теренски увид заедно со Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, на регионалниот пат Р1204 делница Куманово – Свети Николе. Рехабилитацијата на оваа делница е во должина од 32км., со вредност од 2,9 милиони евра, а средствата се обезбедени од Европска банка за обнова и развој. Градежните активности се интензивни, се работи на асфалтирање.

Беа направени теренски увиди од страна на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и на Магистралниот пат А4 Струмица – Ново Село, како и на регионалниот пат Фурка – Богданци – Гевгелија. На регионалниот пат Струмица – Ново Село градежните работи се во тек, се работи на гребење и асфалтирање, делницата е со должина од 12,3 км., вредноста е 1,8 милиони евра, а средствата се обезбедени преку Светска Банка. Што се однесува пак на рехабилитацијата на регионалниот пат Фурка – Богданци – Гевгелија, со должина од 10,6 км. и на оваа делница градежните работи се во тек, се работи на гребење и асфалтирање. Средствата се обезбедени од Светска Банка, со вредност од 1,3 милиони евра.

Во процесот на имплементирање на електронскиот систем за наплата на патарина и заокружувањето електронската наплата на правецот на Коридор 10, Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 26.08.2019 во 07:00 часот започна со работа на новата Наплатната Станица Гевгелија.

Наплатната Станица Гевгелија е новоизградена Наплатна Станица која функционира со 9 наплатни кабини во двата сообраќајни правци. Поставена е на четиринесет километри пред градот Гевгелија, на патниот правец Демир Капија-Гевгелија и обратно.

На Наплатната Станица покрај вообичаеното плаќање на патарина, во готово и безготовински со платежни картички, со имплементирање на новиот електронски систем за наплата на патарина овозможено е и поминување со електронски уреди МТаг и МСмарт картички.

Со отварањето на Н.С Гевгелија се продолжува процесот на електронскиот систем за наплата се со цел намалување на застанувањето (чекањето) на моторните возила на наплатните ленти и овозможување побрз проток и транзит на корисниците кои имаат набавено елетронски уреди.

Директорот Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески беа во посета на патната делницата Драчево – Орешани - Таор, на која што интензивно се извршуваат градежните активности, чија што должина на регионалниот пат изнесува 9 км. Средствата се обезбедени преку Светска Банка, со вредност од 1,7 милиони евра.